**20240030067**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 106, а во врска со член 73 и член 171 став 6, а во врска со член 119 став 2 алинеја 5 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА СОВЕТУВАЊЕ И ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СОВЕТУВАЛИШТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на услугите на советување и за простор, средства, кадри и потребна документација за советувалиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 84/21), членот 2 се менува и гласи:

„Услугите на советување опфаќаат советувалишна и советодавно-тераписка работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединецот и семејство.

Услугите на советување се обезбедуваат во советувалиште.

Привремената мерка за заштита – задолжително посетување на советувалиште за сторители на семејно насилство се обезбедува во советувалиштето за сторители на семејно насилство согласно прописите од областа на спречување и заштита од насилството врз жени или семејно насилство.“

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Услуги на советување од член 2 став 1 од овој правилник, се:

1. Примарни услуги на советување
- подготовка за брак,
- подготовка за живот во семејство,
- подготовка за родителство, и
- подготовка за планирање на семејство.

2. Секундарни услуги на советување
- брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи,
- советување при развод на брак,
- семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, и
- психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство.

3. Терцијарни услуги на советување
- психо-социјален третман на сторители на семејно насилство,
- психо-социјален третман на жени жртви на насилство и семејно насилство, и
- други специјализирани видови на советување (во случај на употреба на дроги кај деца, насилство врз деца, врсничко насилство и слично).“

Член 3

Во член 5 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Услугите на советување од член 3 од овој правилник, се обезбедуваат преку индивидуална или групна работа, според програмата на давателот на услугата советување.

Групната работа од став 2 на овој член, се обезбедува за најмногу до шест корисници во група, освен за терцијална услуга на советување, за кои се обезбедуваат најмногу до пет корисници во група.“

Член 4

Во членот 8 по зборот „работа“ се додаваат зборовите „во соработка со давателите на услуги кај лиценцираните даватели на услуги“.

Член 5

Во член 15 ставот 3 се менува и гласи:

„Околу објектот треба да има изведен приод до објектот, кој овозможува непречен пристап и да биде приспособен за потребите на корисниците на услугата со попреченост, преку неопходно и соодветно изменување и прилагодување, што не предизвикува несразмерно или непотребно материјално оптоварување за давателот на услугата.“

Член 6

Во член 17 во ставот 1 зборовите „9м2“ се заменуваат со зборовите „7м2“.

Член 7

Во член 19 запирката и зборовите „димензионирана од најмалку 4м$^{2}$“ се бришат.

Член 8

Член 21 се менува и гласи:

„Чајната кујна треба да има соодветна опрема за послужување на безалкохолни пијалоци, уред за загревање на вода, филџани и чаши.“

Член 9

Членот 22 се менува и гласи:

„Советувалиштето треба да има најмалку еден социјален работник, психолог или педадог со специјализирана лиценца за вршење стручна работа во социјална заштита за советувалишна и советодавно–тераписка работа.

Доколку советувалиштето реализира три или повеќе услуги за советување од член 3 од овој правилник, треба да има координатор (социјален работник, психолог или педагог) со општа лиценца за вршење стручни работи во центар за социјални услуги или друг давател на услуги на советување, кој може да биде определен од редот на вработените лица.

Советувалиште кое дава примарни услуги на советување за групна работа, покрај кадарот од став 1 на овој член, треба да има уште едно стручно лице (социјален работник, психолог или педагог).

Советувалиште, кое дава секундарни услуги на советување, покрај кадарот од став 1 на овој член, треба да има уште едно стручно лице за индивидуална работа, односно две стручни лица за групна работа (социјален работник, психолог или педагог), кои имаат потврда за завршена акредитирана терапевтска едукација соодветна на програмата за услугата на советување или психијатар, терапевт со сертификат за советник од школа која е акредитирана од страна на Европската асоцијација на терапевти или сертификат или лиценца за психотерапевт издадени од страна на Комората на психолози или сертификат за акредитирана Дијадна развојна пракса.

Советувалиште кое дава терцијарни услуги на советување, покрај кадарот од став 1 на овој член, треба да има уште едно стручно лице за индивидуална работа, односно две стручни лица за групна работа (социјален работник, психолог или педагог), кои имаат потврда за завршена акредитирана терапевтска едукација соодветна на програмата за услугата на советување или психијатар, терапевт со сертификат од школа која е акредитирана од страна на Европската асоцијација на терапевти или сертификат/лиценца за психотерапевт издадени од страна на Комората на психолози или сертификат за акредитирана Дијадна развојна пракса или сертификат за психо-социјален третман на сторители на насилство издаден од страна на Друштво за психолошка помош Загреб, Хрватска.

Лицата од ставовите 3, 4 и 5 на овој член, може да се вработени со полно работно време или ангажирани со договор по час.

Во советувалиштето треба да има обезбедено лице за одржување хигиена во просториите.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-30/1
2 јануари 2024 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.